Врз основа на член 36 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22) и член 5-а став (1) точка 1) алинеја 33 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија бр. 01-391/2 од 26 август 2011 година, бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и 01-209/1 од 30 јануари 2023 година, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 април 2024 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за донесување на Годишен извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија во 2023 година

**Член 1**

Се донесува Годишен извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија во 2023 година.

**Член 2**

Годишниот извештај од член 1 на оваа одлука, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Годишниот извештај, од член 1 на оваа одлука, да се достави до Владата на Република Северна Македонија и до Министерството за економија, заради нивно информирање.

**Член 4**

Се задолжуваат стручните служби Годишниот извештај од член 1 на оваа одлука, да го објават на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а во рок од 30 дена од објавувањето да го достават до Секретаријатот на Енергетската заедница.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 02-795/1**
**25 април 2024 година**
**Скопје**

**Заменик претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика,водни услуги и услуги за управување со комунален отпадна Република Северна Македонија**
**Lirim Sulejmani**